ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 3/23



03.02.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т
**за избор на стручен соработник од областа**
**ПРОТЕТИКА (30407 - Фраскатиева класификација)**
**на Факултетот за дентална медицина во состав на**
**Европски универзитет Скопје**

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер“ на ден 27.12.2022 година, за избор на стручен соработник од областа „Протетика” (30407 - Фраскатиева класификација), наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, на 178-та седница одржана на ден 13.01.2023 година, донесе Одлука бр.02-38/1 за формирање Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Владо Ванковски - претседател;
- доц. д-р Катерина Василева Гешоска - член;
- доц. д-р Соња Вујасин - член.

По направената анализа на доставените документи Рецензентската комисија има чест и задоволство до наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје да го поднесе следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на стручен соработник од областа „Протетика” (30407 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина, во предвидениот рок се пријави само кандидат Дијана Јошева.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-1443/1 од 29.12.2022 година и приложените документи: Професионална биографија – CV, Уверение за завршен прв и втор циклус интегрирани студии, Доказ за стекнат назив магистер од соодветната област, Доказ за познавање на странски јазик и Уверение за државјанство, Рецензионата комисија го констатира следното:

**<u>Кандидат м-р д-р Дијана Јошева</u>**

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

### *1.1. Биографски податоци, школување и начин на усовршување*

Д-р Дијана Јошева е родена 15 Јануари 1985 година во Прилеп. Средно образование завршила во ДСМУ „д-р Јован Калаузи”, Битола, отсек забен техничар. Во 2009 година се стекнала со звање дипломиран доктор по стоматологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Стоматолошки факултет Скопје. Во 2010 година се стекнува со основна и работна лиценца. Во 2019 година се стекнува со

звањето Магистер на форензички науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Природно математички факултет Скопје.

Секоја година посетува симпозиуми и конгреси од разни области на стоматологијата за континуирана доедукација. Активно се служи со компјутер и тоа: Microsoft office (word, excel, power point), Internet Adobe Photoshop и графичкиот програм - Origin.

Од јазици активно ги познава англискиот јазик, а делумно албанскиот јазик.
Има објавено неколку стручни трудови и активно зема учество на голем број конференции.

### *1.2. Прегледна анализа на професионалниот развој*

Во текот на 2009 и 2010 година волонтира во Стоматолошкиот Клинички Центар Скопје, како дипломиран стоматолог и по завршувањето на задолжителниот едногодишен лекарски стаж, во Ноември 2010 година го положила стручниот испит пред испитната комисија на Стоматолошкиот факултет, Скопје и се стекнува со основна и работна лиценца.

Од 2010 година работи како стоматолог во ПЗУ УСКЦ "проф. д-р Бојо Андрески" – Скопје. и активно учествува во спроведување на предклиничките вежби по предметите Предклиничка фиксна протетика при Факултетот за дентална медицина, ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ.

Во 2021 година остварува едукативна посета на универзитетот Акдениз, Анталија – Турција и Бируни, Истамбул –Турција преку Еразмус + програмата.

Вклучена е во Организационен одбор за реализација на Симпозиум со меѓународно учество на Факултетот за дентална медицина, Европски универзитет Скопје.

## 2.ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

1. Ванковски В., Ангелеска Д., (пленарно предавање). Криза во стоматологијата, Меѓународен конгрес, 15-17 Јуни, 2012, Струга.
2. Ванковски В., Ангелеска Д., Морална рецесија на науката- стоматологијата денес, Четврта меѓународна научна конференција – Науката и општествениот развој, стр 71-72, 9 –ти Мај 2014 Скопје, ЕУРМ 378.4.014.543.3:616.31(100)
   Светската глобална економска криза зафаќајки ги сите општествени сфери, изврши голем удар и врз образованието и едукацијата. Хиперпродукцијата на кадар директно се одразува врз намалувањето на квалитетот на дипломираните кадри. Со тоа директно се намалува цената на трудот на неморално ниско ниво.
3. Ванковски В., Павлески А., Ангелеска Д. Имплантологијата – стоматолошка парадигма на дваесет и првиот век. Петта меѓународна научна конференција – Нови простори во науката и уметноста, ЕУРМ, 19 – ти Јуни 2015, Скопје, 616.314-089.843

Од аспект на современи лекувања , како новина и тренд во стоматологијата се појавуваат различните видови на импланти. Надоместувањето на изгубените заби од секогаш преставувал предизвик за докторите по стоматологија. Во трудот се презентирани повеќе случаи на остеоинтеграција на имплантите и нивно проетско решавање.

4. Ванковски В., Ангелеска Д., Вујасин С. Циркониум оксид- емајлова алтернатива во денталната медицина. Петта меѓународна научна конференција – Нови простори во науката и уметноста, ЕУРМ, 19 – ти Јуни, 2015 Скопје, 616.314-77:546.831-31

   Циркониум оксид како материјал во стоматологијата е најдобро естетско решение при изработка на протетски конструкции, и се смета за база на современата стоматологија. Споредено со останатите материјали, композит и акрилат, покажува значително големи разлики во квалитет. КАД- КАМ технологијата е иднината на современата естетска стоматологија.

5. Ванковски В., Ангелеска Д., Вујасин С., Стоматолошка супраструктура – причина за постимплантолошки компликации. (дадено на печат) Презентирани се случаи на поставени импланти според двата методи на поставување, отворена и затворена метода. Опфатена е машка и женска популација. Иследувањето е направено во период од 2 години и успешноста е 91, 6%. Авторот ги објаснува причините за неуспех при имплантирањето и ги дели на рани и касни причини.

6. SEM/EDX ANALYSUS OF THE DENTAL CEMENTUM TO ESTABLYSIS ONE HUMAN'S LIFESTYLE FOR FORENSIC APPLICATIONS(Pilot Study),Mimoza Ristova [1], Dijana Angeleska[2], Zuzana Brozek –Mucha [3,] 12 th Conference of theSociety of Physicists of Macedonia, 27-30 September 2018, Ohrid

7. Анализирање на влакна и коса и нивното занчење во форензичката наука М-р Мимоза Стаменковска[1], М-р д-р Акѓул Омераѓиќ[2], д-р Дијана Јошева[3] [1] Факултет за стоматологија, Европски Универзитет - Република Македонија, Скопје 2019

8. Компарација на различни методи за дијагностика на кариозните лезии, Костадиновска Е., Јошева Д. Факултет за стоматологија, Европски Универзитет - Република Македонија, Скопје 2019

9. Примена на форензичка одонтологија при идентификација на жртви во масовни несреќи, м-р д-р Дијана Јошева, Доц. д-р Ана Белазелковска Грежловска, Доц. д-р Емилија Костадиновска, Доц. д-р Мимоза Стаменковска, Доц. д-р Снежана Ивиќ-Колевска, Факултет за дентална медицина, Европски Универзитет , Скопје 2022

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научно-истражувачката работа на м-р д-р Дијана Јошева се гледа дека кандидатот има определен образовен научен развој и ги исполнува условите барани во конкурсот.

Врз основа на досегашните научни, стручни и педагошки резултати презентирани во нејзините трудови, Рецензентската комисија, со особено задоволство и чест му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје да ја избере м-р д-р Дијана Јошева како стручен соработник од областа Протетика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1.Проф. д-р Владо Ванковски, претседател ____________________

2.Доц. д-р Катерина Василева Гешоска, член ____________________

3.Доц. д-р Соња Вујасин, член ____________________